Република Македонија
**Министерство за правда**

[redacted]

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Суд-дв 08-13/1
2017

## Извештај од извршен увид во функционалноста на информатичкиот систем и надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник во судовите

Министерството за правда согласно својата надлежност предвидена со Законот за судовите и Судскиот деловник, изврши увид во функционалноста на информатичкиот систем и надзор над примената на одредбите од Законот за судовите, Законот за управување со движењето на предметите во судовите и Судскиот деловник во Основниот суд Скопје 1 Скопје, Апелациониот суд Скопје и Врховниот суд на Република Македонија.

За таа цел, со решение на министерот за правда беше формирана работна група и истата ги констатираше следните состојби:

**I. Од извршениот увид во Основниот суд Скопје I Скопје е изготвен записник бр. 08-2490/9 од 26.10.2017 година, во кој беше констатирана следната состојба:**

1. Годишниот план за управување со движењето на предметите во судовите и спречување на создавање и намалување на заостатокот на нерешени предмети и застојот на движењето на предметите во судовите, е донесен единствено во 2013 година.

2. Внатрешните процедури за одделни процеси при управувањето со движењето на предметите во судот никогаш не биле донесени. В.Д. претседателот на судот Стојанче Рибарев со Одлука 02-Су.бр.53/17 од 03.07.2017 година формирал работно тело за управување со движење на предметите во судот, но до денот на увидот не бил изготвен Годишен план за управување со движењето на предметите во судот, ниту се донесени внатрешни процедури.

3. При увидот е констатирано дека грубо била повредена процедурата за донесување на Годишниот распоред за работа на судот. Од 25.12.2015 година до денот на надзорот, Годишниот распоред за работа на судот за 2016 и 2017 година е менуван често и не е запазена процедурата за негово донесување.

Имено, евидентно е распоредување на конкретни предмети кои од еден судија се даваат во работа на друг судија. Поради честите промени на годишниот распоред за работа и формирање на повеќе посебни кривични

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

совети бил лимитиран изборот на судија кој ќе биде вклучен во автоматската распределба на предмети.

4. Не се почитувале одредбите од Законот за управување со движењето на предметите во судовите согласно кои „автоматизираниот компјутерски систем за управување со судски предмети задолжително се користи при управувањето со движењето на предметите во судовите".

5. Во текот на увидот в.д. претседателот на судот Стојанче Рибарев извести дека во судот постои рачна распределба на предмети. При заведување на предметите во надлежност на судија на претходна постапка и на кривичен совет во одделите кривично полнолетни и организиран криминал, не се користел модулот за автоматска распределба на предметите во судот, не биле подесени параметрите за автоматска распределба на предметите во сите претходно наведени уписници, а распределбата на предметите се вршела рачно, за која в.д. претседателот на судот Стојанче Рибарев ја нарече „дупли АКМИС". Движењето на предметите не се вршело во насока кон судии, истите не се евидентирале, а од страна на уписничарот е вршен избор на стручен соработник кој потоа вршел избор на кривичен совет пред кој ќе го реферира предметот.

Од почетокот на функционирањето на АКМИС до моментот на надзор рачно се распоредуваат предмети во 14 уписници.

6. Во судот постојат 860 предмети во кои нема доделен судија. Со ова се доведува во прашање точноста на статистичките податоци во месечните и годишните извештаи за работа на судот и на судиите коишто се доставувани до повисоките судови, Судскиот совет на Република Македонија и Министерството за правда.

7. Не е почитувана процедурата за автоматска прераспределба на предметите согласно член 175 од Судскиот деловник. Од увидот е констатирано дека исклучувањата на судии од автоматска распределба на предмети се вршени по основ на известувања за отсуство по различни основи и за различно времетраење, најчесто пократко од 5 дена, без изготвување на писмена одлука со наредба и образложена причина, туку само со параф на претседателот на суд и со телефонско јавување во судската писарница.

8. Во судот се уште се водат хартиени уписници за предметите од судска управа. При увидот беше констатирано дека во пишаните уписници годините не се заклучуваат, оставени се празни броеви и не се знае кој предмет(одлука) е заведена под наведениот број. Иста е состојбата и во електронскиот уписник, истите броеви се празни и нема никаков запис ниту акт.

[redacted]

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

**Увидната работна група констатираше недоследност во примената на Законот за управување со движењето на предметите во судот и Судскиот деловник, како и недоследност во користењето на АКМИС заради што е неопходно веднаш да бидат преземени мерки за целосно имплементирање на АКМИС во Основниот суд Скопје 1 Скопје.**

II. **Во Апелациониот суд Скопје, увидот беше извршен на ден 09.11.2017 година.**

Предмет на увид беа процедурите за функционирање на АКМИС, годишниот распоред за работа на судиите, процедурата за исклучување на судија од автоматска распределба и прераспределба на предмети, сите одлуки за прераспределба на предмети. Увидната работна група констатираше:

1. Донесен е Годишен план за управување со движењето на предметите во судот.

2. Формирано е работно тело за управување со движењето на предметите во судот и истото одржува редовни состаноци.

3. Сите исклучувања на судии од автоматска распределба се вршат со наредба на претседателот на судот во која е наведена причината за исклучување и барање итните предмети распределени на судијата преку АКМИС да бидат повторно автоматски распределени на друг судија.

4. Годишен распоред за работа на судот за 2017 година е донесен на 26.12.2016 година. Истиот е изменуван и дополнуван 7 пати, врз законски основ.

5. Во судот за 2017 година постојат над 200 изземања на судии. Причините се согласно законските основи (блиски роднински врски со судијата кој постапува во прв степен, роднински врски со адвокат од адвокатско друштво за застапување или судијата постапувал по предметот во прв степен). Ваквата состојба со огромен број на изземања оди во прилог на натамошно развивање на идејата предметите од основните судови да одат во постапка по жалба пред сите апелациони судови во државата, по пат на случаен избор.

6. Беше извршена проверка на водењето на уписниците од судска управа, каде се утврди дека основниот предмет се заведува и во АКМИС се изготвува соодветен акт, но дополнително изготвените акти во предметот не се заведуваат, туку се зема бројот на основниот предмет, а сите акти на предметот се чуваат во регистар.

7. Сите барања за изземање, како и одлуките по истите се заведени во уписникот Су-ИЗЗ.

8. Еднаш дневно се врши автоматска распределба на предмети.

**Увидната работна група констатираше дека Законот за управување со движењето на предметите во судот и Судскиот деловник се применуваат, АКМИС е имплементиран и редовно се користи, освен во делот за судска управа.**

**III. Во Врховниот суд на Република Македонија увидот беше извршен на ден 17.11.2017 година.**

Предмет на увид беа процедурите за функционирање на АКМИС, годишниот распоред за работа на судиите, процедурата за исклучување на судија од автоматска распределба и прераспределба на предмети, сите одлуки за прераспределба на предмети. Од извршениот увид се констатираше:

1. Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија формирал Работно тело за стандардизација на постапките во судовите, за употреба и унапредување на АКМИС . Биле одржани 3 седници на работното тело во 2017 година. Донесените упатства и заклучоци на Работното тело задолжително треба да се објавуваат на веб страницата на Врховниот суд на Република Македонија и да се доставуваат до Комисијата за стручни мислења за примена на Судскиот деловник формирана од министерот за правда. Врховниот суд на Република Македонија не ги исполнил овие задолженија.

2. Во Врховниот суд на Република Македонија не било формирано Работно тело за управување со движењето на предметите во судот.

3. Во судот повеќе пати е донесен нов Годишен распоред за работа. Имено, при промена на претседателот на суд веднаш се донесува нов распоред за работа на судии. Се забележува дека во судот воопшто не се почитува начелото за специјализација на судиите кои постапуваат по области. Чести се прераспоредувањата на судиите без адекватно образложение, при што судии кои постапувале во предмети од граѓанска материја се прераспоредуваат на кривична материја и обратно. Во 2017 распоредот бил сменет 9 пати.

Со честите промени во Годишниот распоред за работа на судот се влијае на составот на советите кои одлучуваат по предметите, што повлекува и рачна прераспределба на предмети. За распределбите постои писмена одлука од претседателот на судот, но истата не е во согласност со одредбите на Судскиот деловник.

**На овој начин случајниот избор на судија со автоматската распределба на предметите се суспендира и наместо случаен избор на судија се добива очекуван избор на судија.**

4. Постојат голем број на барања за изземања, и тоа повеќе од 80 во 2016 година, односно повеќе од 100 во 2017 година. Основите за изземање се: роднински врски (со судијата кој постапувал во понизок степен, со јавниот обвинител, со подносителот на барањето), судијата учествувал во носење на одлука во понизок степен или постапувал како државен правобранител.

5. Прераспоредувањата на предмети се вршат со одлука со која сите предмети од еден судија по кој не се донесени одлуки се даваат во работа на друг поименично определен судија - прв модел член 181 од Судскиот деловник.

Се забележува и прераспоредување на поименични предмети од еден на друг судија. За судија кој најавил подолго боледување на почетокот на месец јули 2017 година, а работи на притворски предмети (оддел за казниви дела), одлука за исклучување од автоматска распределба на предмети во АКМИС е донесена после еден месец од почетокот на боледувањето.

6. Со увид во судската писарница е констатирано дека автоматската распределба на мал број предмети се врши повеќе пати во текот на денот, спротивно на правилата за автоматска распределба.

**Увидната работна група констатираше недоследност во примената на Законот за управување со движењето на предметите во судот и Судскиот деловник, како и недоследност во користењето на АКМИС.**

IV. Од извршениот увид во наведените судови, заклучок е дека:

**Судовите не ги применуваат доследно одредбите од Законот за управување со движењето на предметите во судовите и Судскиот деловник, АКМИС не се користи целосно согласно неговата намена, се злоупотребуваат одредбите од законските прописи за чести измени на годишните распореди во судовите, не се почитуваат одредбите за специјализација на судии по области.**

**За целосна имплементација на законските прописи и целосно функционирање на АКМИС, потребно е во судовите да се преземат следните мерки:**

**1. Неопходно е веднаш во сите судови да бидат формирани работни тела за управување со движење на предметите и истите да функционираат согласно законската надлежност.**

2. Работното тело во Врховниот суд на Република Македонија за стандардизација на постапките во судовите, потребно е да одржува редовни состаноци и да се овозможи целосно имплементирање и унапредување на АКМИС во сите судови во државата.

3. Претседателите на судовите да поднесуваат извештај за реализација на нивната програма за работа до Судскиот совет на Република Македонија, а претседателите на повисоките судови да изготвуваат мислење за работата на претседателот на судот, согласно член 128 од Законот за Судски совет на Република Македонија, врз основа на која се оценува нивната работа како претседател.

4. Да се зајакнат контролите на повисоките врз пониските судови со конкретни забелешки и мерки за следење на констатираните неправилности и нивно отстранување со цел доследно почитување на Судскиот деловник, Законот за судовите и Законот за Судскиот совет на Република Македонија.

КОМИСИЈА ВО СОСТАВ:

ПРЕТСЕДАТЕЛ:

Валентина Шаурек, државен советник

ЧЛЕНОВИ:

- проф.д-р Лазар Нанев, судија
- Зоран Димитриевски, судија
- м-р Нино Наумов, советник аналитичар
- Наташа Однакозова Жабокова, советник информатичар
- Петре Мркев, советник информатичар
- Даниела Ангеловска, информатичар
- Славица Жерајиќ, советник